| Посета на невладини организации (Пр. Првата детска амбасада„Меѓаши“ и сл.) | Ученици и наставници одV одделение | Октомври | * Да се запознаат со работата на невладините организации (осврт кон детските права, заштита) | * Разговор<br>* Откривање<br>* Разгледување<br>* Воочување<br>* Објаснување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | * Опишување<br>* Дискусија |
| Посета на театарска претстава (МОБ) | Ученици и наставници одV одделение | Ноември | * Да се развие свеста за г радење на медиумска култура (посета на театарски претстави) | * Разговор<br>* Договор<br>* Следење<br>* Дискусија<br>* Илустрација<br>* Опишување<br>* Метод на игра |
| Посета на Радио - телевизиска институција | Наставници и ученици од V одделение | Ноември | * Да се запознаат со работата на радио - телевизиските медиуми | * Договор<br>* Следење<br>* Доживување<br>* Разгледување<br>* Дискусија<br>* Опишување |
| Посета на новогодишна претстава | Ученици и наставници одV одделение | Декември | * Да се зголеми свеста за посета на претстави од забавен карактер | * Договор<br>* Следење<br>* Дискусија<br>* Илустрација<br>* Метод на игра |
| Посета на печатница | Наставници и | Февруари | * Да се здобијат со конкретни | * Договор |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | учениciодVодделение | | сознанија за процесот на<br>печатење на дневниот печат<br>(медиум од секојдневниот<br>живот) | * Воочување<br>* Разгледување<br>* Набљудување<br>* Разговор<br>* Интервју со вработените во<br>печатницата<br>* Опишување |
| Посета во Природно - научниот музеј | Ученици и наставници од V одделение | Март | * Да ги продлабочат<br>сознанијата за различните<br>видови птици, животни и<br>растенија како дел од<br>природата (нивниот развој) | * Разговор<br>* Набљудување<br>* Воочување<br>* Дискусија<br>* Илустрација<br>* Опишување |
| Посета на метеоролошка станица | Наставници и ученици од V одделение | Март | * Добивање на информации за<br>работењето и значењето на<br>метеролошка станица | * Разговор<br>* Воочување<br>* Именување<br>* Опишување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Саем на книгата | Наставници и ученици од V одделение | Април | * Да се развие свеста за<br>значење то на книгата<br><br>* Да се зголеми потребата за<br>нејзино редовно користење<br>во секојденвните активности | * Договор<br>* Разговор со писател - гостин<br>на саемот<br>* Разгледување на<br>штандовите<br>со книги<br>* Набљудување<br>* Дискусија<br>* Опишување |
| Гледање филм за деца во кино<br>Посетанадетскианимиран<br>филм-кино„Милениум“или Ситисинема | Наставници и ученици од V одделение | Во текот на годината | * создавање навики за<br>редовна посета на киното<br>како дел од филмската<br>уметност | * Разговор<br>* Договор<br>* Следење<br>* Воочување<br>* Дискусија<br>* Опишување |
| Посета на фабрика и истражување на производствениот процес | Ученици и наставници од V одделение | Април | * Да се добијат со конкретни<br>сознанија зпроизводствениот<br>процес во една фабрика | * Договор<br>* Набљудување<br>* Дискусија<br>* Објаснување<br>* Опишување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | * Демонстрирање |
| Учество во работилница во музеј<br><br>(воннаставни проектниактивности) | Ученици и наставнициодVодделение | Април | * Да се поттикнат да<br><br>учествуваат во практични<br><br>активности во музеј<br><br>и во воннаставни проектни<br><br>активности | * Разговор<br><br>* Објаснување<br><br>* Практична работа<br><br>* Воочување<br><br>* Демонстрирање<br><br>* Опишување |
| Посета на ликовна галеријаj | Наставници и ученициодVодделение | Мај | * Да се поттикне интерес кај<br><br>учениците за културата<br><br>(осврт кон ликовното<br><br>творење) | * Разговор<br><br>* Практична активност<br><br>* Следење<br><br>* Воочување<br><br>* Дискусија |
| Посета на Старата скопска чаршија, Кале и црквата Св. Спас | Наставници и ученициодVодделение | Мај | * Запознавање со нашето<br><br>подалечно минато и гробот<br><br>на Гоце Делчев | * Разгово<br><br>* Договор<br><br>* Набљудување<br><br>* Откривање<br><br>* Дискусија<br><br>* Илустрација<br><br>* Опишување |
| Посета на општинаКарпош | Ученици и наставнициодVодделение | Мај | * Запознавање со значењето<br><br>на општината (локалната | * Договор<br><br>* Разговор |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | заедница) за животот на г<br><br>раѓаните | * Набљудување<br><br>* Дискусија<br><br>* Интервју со вработените<br><br>* Донесување заклучоци |
| Посета на МДКЦ | Ученици и наставници од V одделение | Мај | * Да се поттикнат учениците<br><br>да учествуваат во активности | * Договор<br><br>* Објаснување<br><br>* Реализирање<br><br>* Опишување |
| Приредба за крај на учебната година | Ученици и наставници од V одделение | Јуни | * Да се поттикнат учениците<br><br>да учествуваат во активности | * Договор<br><br>* Објаснување<br><br>* Реализирање<br><br>* Опишување |

Одговорен наставник: Александра Антевска

Планирање и реализирањенанаставнипосетивопредметнанастава

| Планирани активности | Цели | Реализатор | Време | Методи и постапки на реализација | Очекувани резултати/Исходи | Потребни материјални средства | Опфатени ученици |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Институт за македонски јазик, Литературни читања, Кинотека, Библиотека, Театар | Изучување и негување на литерат. Македонски ( мајчин) јазик | Жаклина Трајковска | *Октомври<br>*Ноември<br>*Март<br>*Април<br>*Мај | * Метод на разговор<br>*Демонстрати-вен метод<br>*Илустративен Метод | Развивање чувсто за убавиот збор и уметничко изразување | * Книги<br>* ЦД<br>* Тлаери<br>* Плакат | VII-а,б, IX-а,б |
| Кино<br>Библиотека<br>Театар<br>Саем на книга | Негување и чување на книжевниот фонд | Јадранка Симитковска | *Октомври<br>*Февруари<br>*Ноември<br>*Март | * Демонстра-тивен метод<br>*Илустративен метод<br>*Метод на Дискусија | Смисол за уметничко, творечко изразување | *Флаери<br>*Плакат<br>*Книги<br>*ЦД | VI-а,б; VIII-а,б;IX-в |
| ПМФ | Запознавање со количествениот опис на природните појави | Даниела Стоименова | *Април<br>*Мај | * Морфолошка метода<br>* Експеримен-тална метода | Поврзување теорија со практика | *Проспекти<br>*Скици<br>*Фотографии | VIII-а,б; IX-а,б,в |
| Театар<br>Британски совет<br>Кино<br>Англис. Центар | Да го разберат значењето од знаење на странски јазици | Билјана Алексоска | *Октомври<br>*Март<br>*Април | * Морфолошка метода<br>* Метод на Дијалог | Меѓусебно разбирање и комуникација | *Печатен материјал<br>*Проспекти<br>*Флаери | IV-а,б,в, V-а |
| Универзитетска библиотека<br>Британски центар<br>Англиски центар | Развивање свест за познавање и учењето странски јазик | Павлинка Манолева | *Октомври<br>*Ноември<br>*Март | *Метод на работа со книга<br>*Метод на дијалог<br>*Метод на слушање | Меѓусебно разбирање и комуникација | *Печатен Материјал<br>*Проспекти<br>*Флаери | VII-а,б; IX-а,б,в |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | *Метод на разговор | | | |
| Универзитетска библиотека<br>Британски центар<br>Англиски центар | Развивање свест за познавање и учењето странски јазик | Јелена Зврцинова | *Октомври<br>*Ноември<br>*Март | *Метод на работа со книга<br>*Метод на дијалог<br>*Метод на слушање<br>*Метод на разговор | Меѓусебно разбирање и комуникација | *Печатен Материјал<br>*Проспекти<br>*Флаери | VI-а,б; VIII-а,б |
| Детски фестивал<br>Балетска претстава<br>Хорски смотри„ | Запознавање со музичко творештво | Марио Лазаров | *Ноември<br>*Декември<br>*Март<br>*Април | *Метод на Слушање | Љубов кон музиката | Програма | VI-а,б; VII-а,б; VIII-а,б; IX-а,б,в |
| издавачка куќа „ Алби“, „Просветно дело“ | Да откриваат нови начини на размислување и резонирање | Росе Д. Ристујчин | *Април<br>*Мај | *Метод на работа со книга<br>*Метод на Дијалог | Поврзување теорија со практика; | *Книги<br>*Прирачник<br>*Вежби | VII-а,б; IX-а,б,в |
| ПМФ, посета на издавачка куќа | Да ги развиваат математичките вештини | Љиљана Ристоска | *Мај | *Метод на работа со книга<br>*Метод на Дијалог | Поврзување теорија со практика | *Работни тетратки<br>*Прирачник<br>*Книги | VI-а,б; VIII-а,б |
| Универзитетска библиотека<br>Герм. читална<br>Кино( гер филм<br>Умет. Изложба | Развивање свест за познавање и учењето странски јазик | Марина Јачовска | *Октомври<br>*Ноември<br>*По потреба мај | *Метод на монолог<br>*Метод на разговор<br>*Метод на работа со книга<br>*Метод на Дијалог | Развивање чувсто за убавиот збор и уметничко изразување | *Плакат<br>*Книги и друг промотивен материјал<br>*ЦД | VI-а,б; VII-а,б; VIII-а,б; IX-а,б,в |
| Хемиска лабораторија на ПМФ | Да се запознаат со хемиски процеси | Јадранка Крстевска | *Април | *Метод на набљудување<br>*Лабораториски експериментален | Да ја преточуваат теоријата во практика | *Лабораториски Материјал<br>*Проспекти | VIII-а,б |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Планетариум<br>ЗОО градина<br>Хидроцентрал<br>ПМФ | Запознавање со природните и општест роцеси во геопростор. | Љупка, Миленковиќ-Живковиќ | *Октомври<br>*Март<br>*Април<br>*Мај | *Метод на набљудување<br>*Метод на разговор | Имаат повеќе сознанија за природните феномени | *Проспекти<br>*Промотивен материјал | VI-а,б; VII-а,б;<br>VIII-а,б; IX-а,б,в |
| Спомен куќа на Мајка Тереза<br>Музеј на МРБ<br>Археол. музеј<br>Муз.-Холокауст<br>Неолитска населба-Маџари<br>Скоп. Чаршија | Запознавање, чување и негување на нашето огромно културно историско наследство | Снежана Вачкова | *Оептември<br>*Ноември<br>*Декември<br>*Март<br>*Април<br>*Мај | *Метод на истражување<br>*Демонстра-тивен метод | Ги проваруваат стекнатите знаења<br>Активно учествуваат во дискусија | *ЦД<br>*Историски печатени материјали *нотес за забелешки<br>*Флаер<br>*Проспекти | VI-а,б; VII-а,б;<br>VIII-а,б; IX-а,б,в |
| Сообраќајница „КОМУНА“<br>Фабрика за мебел<br>Хидроцентрала. | Да ги класифицира рачните и машинските обработки | Лазе Смилески | *Септември<br>*Октомври<br>*Ноември<br>*Март<br>*Април | *Метод на практични активности | Да ја поврзуваат теоријата со практиката | *Скици<br>*Слики<br>*Модел | V-а,б,в; VI-а,б;<br>IX-б |
| Природно научен музеј<br>ЗОО градина<br>Ботаничка градина | Развивање свест кај младите за чување на природата | Јадранка Крстевска | *Октомври<br>*Ноември<br>*Април | *Метод на дијалог<br>*Метод на Монолог | Чувство и почит кон природата | *Проспект<br>*Каталог на растенија | VII-а,б; VIII-а,б;<br>IX-а,б,в |
| Изложба | Развивање уметничка креативносткај младите | Маре Маневска | *Април | *Илустративен Метод | Развивање чувство кон уметноста | *Цртежи | VI-а,б; VII-а,б;<br>VIII-а,б; IX-а,б,в |
| Ботаничка градина | Развивање свест кај младите за чување на природата | Даниела Стоименова | *Септември | *Демонстрати-вен метод<br>*Илустративен Метод | Чување на природата | *Проспектирекламен материјал | V-а,б,в;VI-а,б |
| Форца,сала„ Борис Трајковски<br>Крос-кеј на Вардар,посета на Аква парк | Физички и психички развој на младите | Зоран Петровски | *Септември<br>*Декември<br>*Март<br>*Мај | *Репродуктивен Метод | Љубов кон сите спортови | *Спортски реквизити | VI-а,б; VIII-а,б;IX-а,б,в |
| Собрание<br>Влада<br>ЕУИНФО центар | Запознавање со активности на државни институции | Билјана Смилевска | *Ноември<br>*Декември<br>*Мај | *Метод на монолог<br>*Метод на Дијалог | Почит кон државни институции | *Каталози<br>*Плакати | IX-а,б,в |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Компјутерски центар „ Сивус “ | Запознавање со компјутер. технологија и потребата од неа денес | Видое Николовски | *Ноември | *Демонстрати- вен метод *Илустративен Метод | Да ја поврзуваат теоријата со практиката | *Каталози *Проспекти | VI-а,б; VII-а,б |
| Посета на друго училиште | Запознавање со поимот етика, да знаат за животните вредности на луѓето | Димитар Даскалов | Во текот на учебната година | *Демонстрати- вен метод *Илустративен Метод | Да ја поврзуваат теоријата со практиката | *Четива *Каталози *Плакати *Работни листови | VII-а,б |
| Римскиот аквадукт, посета на археолошки локалитет | Запознавање со класичната култура на европската цивилизација | Димитар Даскалов | *Октомври *Април | *Метод на Истражување | Развивање чувство кон уметноста | *Проспекти *Каталози *Рекламен материјал *ЦД *Флаери | VI-а,б |

Одговорензапредметна: СнежанаВачкова

**Програма за екскурзии**

Врз основа на Законот за основно образование, Годишната програма за работа на училиштето и со одлука на Училишниот одбор се изготви Програма за реализизација на вонучилишни активности за учениците од I до IX одделение во тек на учебната година;

Формирање на комисија од пет члена и тоа, тројца родители од Советот на родители и двајца членови од редот на наставниците;

Објавување на оглас во најмалку 2 весника;

Отворање на понудите од страна на комисијата и избор на агенција со најдобра понуда според критериумите пропишани во Правилникот за изведување на екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, донесен од МОН

**ПРОГРАМАЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ИЗВЕДУВАЊЕ НАЕДНОДНЕВЕН ЕСЕНСКИ ИЗЛЕТ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД I – IX одд.ВО УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА**

Време на изведување:Септември или **Октомври 2022** год.

*Врз основа на член 42 став (2) од Законот за основното образование (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’бр.161/19 година) министерот за образование и наука донесе правилник за начинот на изведување на екскурзиите,излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта.*

*Врз основа на годишната програма за работа ООУ “ Којдан Чернодрински” училиштето за учебната 2022/2023 год. и со одлука на училишниот одбор се изготви Програма за реализација на еднодневен есенски излет за учениците од I - IX одд. за учебната 2022/2023и тоа на следното место:*

1.Сарај

**Стручниот тим за еднодневниот излет на учениците од I-IX одделение го сочинуваат:**

1. Катерина Ташкова - директор

**2.** Павлинка Манолева Иванова- раководител на екскурзијата-одговорен наставник и предметен наставник по англиски јазик

**3.** Александра Антевска- одделенски наставник

**4.** Росе Ристујчин – предметен наставник по математика

5.Анета Ристовска- одделенски наставник

**ПОДАТОЦИ ЗА ЕДНОДНЕВНИОТ ИЗЛЕТ**

**ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ**

Целта на овој еднодневен излет со забавно рекреативен карактер е рекреација на учениците во природата како и развивање интерес за природата и градење на еколошки навики.

**Задачи:**

**Образовни:**

- да се утврдат основните знаења за историските настани, појави процеси и личности од националната историја
- да се запознаат со остатоците на средновековието и нивното значење
- Да се цени културното наследство на својот народ, а со тоа и на другите народи
- Да се поттикнува чување, негување и презентирање на културни вредности

**Воспитни:**

- Развивање љубов кон татковината и нејзините вредности

- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики

- Поттикнување и исполнување на позитивни емоционални доживувања

- Дружење и споделување добри спомени

**Содржина на активности**

- колективни игри, фудбал,одбојка, кошарка, народна топка, играње ластик и играње на јаже

**Социјализација:**

- развивање спортски потреби, како и значењето на здравјето и здравите стилови на живеење

Излетот со забавно-рекреативен карактер ќе се реализира во времетрање од 1 (еден ден).

За учениците со посебни образовни потреби се организира со придружба ,во согласност со видот и степенот на попреченоста,при што придружник може да биде родител,старател,асистент,специјален едукатор и рехабилитатор.

**Времетраење**

Излетот за учениците од I-IX одделение ќе се реализира 1 ден.

**Начин на финансирање:**

Еднодневниот излет за учениците од I до IX одделение, ќе биде финансиран од страна на родителите/старателите.

Еднодневниот излет за учениците ќе ја реализира Туристичка агенција што ќе биде избрана од страна на училишната комисија и која ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми според објавениот оглас.

За безбедност на учениците покрај класните раководители на одделенијата ќе се грижи и вработен од Агенција за обезбедување од нашето училиште

**ПРОГРАМАЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ИЗВЕДУВАЊЕ НАЕДНОДНЕВЕН ПРОЛЕТЕН ИЗЛЕТ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД I – IX одд.ВО УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА**

Време на изведување: **Мај 2023**год.

*Врз основа на член 42 став (2) од Законот за основното образование (,,Службен весник на Република Северна Македонија''бр.161/19 година) министерот за образование и наука донесе правилник за начинот на изведување на екскурзиите,излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта.*

*Врз основа на годишната програма за работа ООУ “ Којдан Чернодрински” училиштето за учебната 2022/2023 год. и со одлука на училишниот одбор се изготви Програма за реализација на еднодневен пролетен излет за учениците од I - IX одд.  за учебната 2022/2023и тоа на следното место:*

1.Свети Никита

**Стручниот тим за еднодневниот излет на учениците од I-IX одделение го сочинуваат:**

1. Катерина Ташкова - директор

**2.** Тијана Бајрактарска- раководител на екскурзијата-одговорен наставник и одделенски наставник

**3.** Жаклина Трајкоска- одделенски наставник

**4.** Билјана Алексоска- предметен наставник по англиски јазик

5.Лилјана Исаковска – одделенски наставник

**ПОДАТОЦИ ЗА ЕДНОДНЕВНИОТ ИЗЛЕТ**

**ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ**

Целта на овој еднодневен излет со забавно рекреативен карактер е рекреација на учениците во природата како и развивање интерес за природата и градење на еколошки навики.

**Задачи:**

**Образовни:**

- да се утврдат основните знаења за историските настани, појави процеси и личности од националната историја
- да се запознаат со остатоците на средновековието и нивното значење
- Да се цени културното наследство на својот народ, а со тоа и на другите народи

- Да се поттикнува чување, негување и презентирање на културни вредности

**Воспитни:**

- Развивање љубов кон татковината и нејзините вредности
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики
- Поттикнување и исполнување на позитивни емоционални доживувања
- Да се развива интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење

**Содржина на активности**

- колективни игри, фудбал,одбојка, кошарка, народна топка, играње ластик и играње на јаже

**Социјализација:**

Да се развива интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење

Излетот со забавно-рекреативен карактер ќе се реализира во времетрање од 1 (еден ден). За учениците со посебни образовни потреби се организира со придружба ,во согласност со видот и степенот на попреченоста,при што придружник може да биде родител,старател,асистент,специјален едукатор и рехабилитатор.

**Времетраење**

Излетот за учениците од I-IX одделение ќе се реализира во тек на еден ден.

**Начин на финансирање:**

Еднодневниот излет за учениците од I до IX одделение, ќе биде финансиран од страна на родителите/старателите.

.Еднодневниот излет за учениците ќе ја реализира Туристичка агенција што ќе биде избрана од страна на училишната комисија и која ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми според објавениот оглас.

За безбедност на учениците покрај класните раководители на одделенијата ќе се грижи и вработен од Агенција за обезбедување од нашето училиште.

**ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧЕНИЧКАЕКСКУРЗИЈАЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД III ОДДЕЛЕНИЕ ВО УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА**

Место на изведување:**Маврово**

Време за изведување:**Мај 2023 година**

*Врз основа на член 42 став (2) од Законот за основното образование (,,Службен весник на Република Северна Македонија''бр.161/19 година) министерот за образование и наука донесе правилник за начинот на изведување на екскурзиите,излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта*

*Врз основа на годишната програма за работа ООУ " Војдан Чернодрински" училиштето за учебната 2022/2023год. и со одлука на училишниот одбор се изготви Програма за реализација на ученичка екскурзија за учениците од III одд. за учебната 2022/2023.*

**Стручниот тим на екскурзијата за III одделение го сочинуваат:**

1. Катерина Ташкова – директор

2. Маја Лазаревска – раководител на екскурзијата-одговорен наставник и одделенски наставник

3. Билјана Стрезовска– одделенски наставник

4.Тијана Бајрактарска-одделенски наставник

**ПОДАТОЦИ ЗА ЕКСКУРЗИЈАТА**

Со реализација на оваа  екскурзија со општествено воспитно – образовен карактер ќе се потврдат и утврдат веќе стекнатите знаења,односно учениците треба да усвојат суштински, систематизирани и научно потврдени знаења за растенијата и животните ,како и да се продлабочи интересот за понатамошно изучување на живата и неживата природа ,дружење и забавата.

**Воспитно образовни цели:**

**-** Групира живи суштества со користење на едноставни карактеристики за да го образложи групирањето

-Опишува разлики меѓу живи и неживи нешта со користење на усвоеното знаење за животните процеси.

- Осознава за животни процеси кои се заеднички за луѓето и за животните вклучувајќи ги исхраната (вода и храна), движењето, растот и репродукцијата.

- Согледува дека растенијата имаат потреба од здрави корени, листови и стебла за да растат добро.

**Времетраење**

Екскурзијата за учениците од III одд. ќе се реализира во времетраење од еден ден.

**Содржина на активности**

- Пешачење и запознавање со флората и фауната
- Спортски активности
- Забава и дружење во текот на екскурзијата

**Локации за посетување и правци на патување**

**-** Посета на  Маврово

- Тргање во 8 и 30 часот од пред училиште  релација Скопје- Маврово

- Враќање во 15 часот во попладневните часови

**Техничка организација:**

Согласно Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии излети други вонучилишни активности на учениците од основните училишта донесен од МОН, ООУ „ Којдан Чернодрински” Општина Карпош - Скопје ќе спроведе постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на екскурзијата со објавување на јавен оглас во најмалку два весника.

Постапката ќе ја спроведува Комисијата составена од пет члена и тоа три члена од редовите на членовите на Советот на родители од генерацијата за која се спроведува екскурзијата и два члена од редот на наставниците.Претседател на комисијата е од редот на родителите.

Еднодневната екскурзија за учениците од III одделение во учебната 2022/2023 год. ќе ја реализира Туристичка Агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија за избор на најповолна понуда и која ќе ги исполнува сите потребни пропишани критериуми. За учениците со посебни образовни потреби се организира со придружба ,во согласност со видот и степенот на попреченоста,при што придружник може да биде родител,старател,асистент,специјален едукатор и рехабилитатор.

**Начин на финансирање:**

Еднодневната екскурзија ќе биде финансирана од страна на родителите/старателите.

Еднодневната екскурзија ќе ја реализира Туристичка агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија и која ќе ги исполнува сите потребни пропишани критериуми според објавениот оглас на училиштето. За обезбедување на учениците покрај одделенските наставници ќе се грижи и вработен од агенција за обезбедување во нашето училиште и раководител на екскурзијата.

**ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ИЗВЕДУВАЊЕ УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИза учениците од VI одделение**

**Во учебната 2022/2023 год.**

**Место на изведување: Струмица**

**Време за изведување: септември или октомври 2022 или мај 2023 год.**

*Врз основа на член 42 став (2) од Законот за основното образование (,,Службен весник на Република Северна Македонија''бр.161/19 година) министерот за образование и наука донесе правилник за начинот на изведување на екскурзиите,излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта. Врз основа на годишната програма за работа ООУ „ Којдан Чернодрински„ училиштето за учебната 2022/2023год. и со одлука на училишниот одбор се изготви Програма за реализација на наставно/научна екскурзија со воспитно образовен- карактер за учениците од VI одд. за учебната 2022/2023.*

Стручниот тим на екскурзијата го сочинуваат

Катерина Ташкова - директор

Дарко наумовски – раководител на екскурзијата-одговорен наставник, класен раководител, наставник по физичко и здравствено образование

Никола Панчевски– класен раководител, наставник по физичко и здравствено образование

**Податоци за екскурзијата**

**ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ**

Реализацијата на оваа наставна екскурзија има општ воспитно – образовен карактер и со цел повторување и утврдување на веќе стекнати знаења.Учениците со систематизираните и усвоените знаења за минатото и сегашноста ќе придонесат во разгледување на вредносен систем за однесување кон својот народ и држава како и кон другите народи и држави и продлабочување интерес за понатамошно изучување на историските настани и процеси.

**ЗАДАЧИ**

**Образовни:**

-Да се утврдат основните знаења за историските настани,појави,процеси и личности од националната историја.

-Да се запознаат со остатоците од нашето блиско и далечно минато и нивното значење.

-Да се цени културното наследство на својот народ, а со тоа и другите народи кои живеат во овие простори.

-Да се поттикнува чување,негување и презентирање на културните вредности.

**Воспитни:**

-Развивање на љубов кон татковината и нејзините вредности.

-Развивање интерес за природата и градење на еколошки навики.

-Развивање љубов кон изучување на историјата.

-Поттикнување и исполнување на позитивни и емоционални доживувања.

-Социјализација и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе.

-Градење чувство за патриотизам.

**Содржина на активности**

- Посета на манастири, цркви и други знаменитости
- Разговори со кустоси, свештени лица, локално население и водичот
- Спортски активности
- Забава и дружење во текот на екскурзијата

**Времетраење**

Екскурзијата  со воспитно-образовен карактер за учениците од VIодделение ќе се реализира во  времетраење од два дена.

**ЛОКАЦИЈА ЗА ПОСЕТУВАЊЕ И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ**

1 ден:

-Поаѓање во 8.$^{00}$ часот пред училиште – патувањето. кон Струмица со посета на Колешинските водопади и посета на манастирите „Елеуса“ и „Водоча“. Пристигнување во Струмица и сместување во хотел.

-Разгледување на градот и враќање во хотелот,вечера и ноќевање.

2 ден:

-Појадок и разгледување на градот, посета на Вардарски рид и Дојранско Езеро,враќање во хотел, ручек.

Тргнување за Скопје по ручекот преку Кавадарци со панормаско разгледување на Стоби, патот го продолжуваме кон Скопје.

Враќање за Скопје во вечерните часови.

**ОБЈЕКТ ЗА СМЕСТУВАЊЕ**

Хотелите се наоѓаат во градот Струмица. Објектите ги имаат сите потребни стандарди кои се неопходни во однос на намената на самиот објект. Хотелите располагаат со соодветен број на соби, двокреветни и трокреветни за да се сместат учениците. Овие хотели содржат добро организиран простор за одржување на лична хигиена како и најмалку една училница опремена според Нормативот за простор ,опрема и наставни средства за деветгодишно основно образование во Република Северна Македонија. Хигиената во објектите, кујните и другите простории се одржуваат на високо ниво, а убавите трпезарии и другите пропратни простории ќе придонесат за пријатен престој на учениците. Вечерниот културно забавен живот на учениците исто така ке се реализира во објектите кои нудат добри услови и простор за таа намена.

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА**

Согласно Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта донесен од МОН, ООУ „Војдан Чернодрински” Општина Карпош - Скопје ќе спроведе постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на дводневна екскурзија со

објавување на јавен оглас во најмалку два весника. Постапката ќе ја спроведува Комисијата составена од пет члена и тоа три члена од редовите на членовите на Советот на родители и два члена од редот на наставниците. Екскурзија ќе ја реализира Туристичка Агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија и која ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми.

Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови за сместување; туристички водич, лекар .За безбедноста на учениците, покрај класните раководители на шестите одделенија, ќе се грижи и вработен од агенцијата за обезбедување од нашето училиште.
За учениците со посебни образовни потреби се организира со придружба ,во согласност со видот и степенот на попреченоста,при што придружник може да биде родител,старател,асистент,специјален едукатор и рехабилитатор.

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ**

Екскурзијата ќе биде финансирана од страна на родителот – старателот, а за некои ученици коишто се материјално загрозени за оние ученици кои од економски причини не можат да учествуваат на екскурзијата, директорот може да обезбеди нивно учество со користење на поволности кои ги нуди агенцијата која учествува во реализација на наведените активности од сопствени извори донации,спонзорства и други извори.

**ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИза учениците од IX одделениеВо учебната 2022/2023 година**

**Место на изведување: Охрид**

**Време за изведување: септември или октомври 2022 или мај 2023год.**

*Врз основа на член 42 став (2) од Законот за основното образование (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’бр.161/19 година) министерот за образование и наука донесе правилник за начинот на изведување на екскурзиите,излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта.*
*Врз основа на годишната програма за работа ООУ “ Војдан Чернодрински” училиштето за учебната 2022/2023год. и со одлука на училишниот одбор се изготви Програма за реализација на наставно/научна екскурзија со воспитно образовен- карактер за учениците од IX одд. за учебната 2022/2023.*

Стручниот тим на  екскурзијата го сочинуваат

Катерина Ташкова - директор

Јадранка  Симитковска–раководител на екскурзијата, класен раководител, наставник по македонски јазик

Јелена Зврцинова – класен раководител и наставник по англиски јазик

**Податоци за екскурзијата**

**ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ**

Реализацијата на оваа  екскурзија има општ воспитно – образовен карактер и со цел повторување и утврдување на веќе стекнати знаења.Учениците со систематизираните и усвоените знаења за минатото и сегашноста ќе придонесат во разгледување на вредносен систем за однесување кон својот народ и држава како и кон другите народи и држави и продлабочување интерес за понатамошно изучување на историските настани и процеси.

**ЗАДАЧИ**

**Образовни:**

-Да се утврдат основните знаења за историските настани,појави,процеси и личности од националната историја.

-Да се запознаат со тврдините, археолошките наоѓалишта,спомен куќата на Тодор Проески,спомениците Македониум и Мечкин Камен

-Да се запознаат со  Природно-научен музеј  ,Историски музеј и Спомен собата на Мустафа Кемал Ататурк во Битола

-Да се запознаат со убавините во Охрид како образовен центар и изворот на писменоста на сите словенски народи;

-Да се цени и почитува културното наследство на својот народ и другите народи.

-Да се заштитуваат негуваат и одржуваат  убавините на нашата земја.

**Воспитни:**

-Развивање на љубов кон татковината и нејзините вредности.

-Развивање интерес за природата и градење на еколошки навики.

-Развивање љубов за изучување на историјата.

-Поттикнување и исполнување на позитивни и емоционални доживувања.

-Социјализација и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе.

-Градење чувство за патриотизам.

**Времетраење** Екскурзија со воспитно-образовен карактер за учениците од IX одд. ќе се реализира во времетраење од три дена.

**ЛОКАЦИЈА ЗА ПОСЕТУВАЊЕ И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ**

**Прв ден**

Поаѓање пред училиште во 8:00. Патувањето продолжува кон Крушево. Посета на спомен куќа Тодор Проески, споменик ,, Македониумот” ,споменик ,, Мечкин Камен’’. Продолжуваме кон Битоласо посета на Природно-научен музеј  ,Историски музеј и Спомен соба на Мустафа Кемал Ататурк . Патот продолжува кон Охрид со попатно разгледување. Пристигнување и сместување во хотел. Вечера,по вечерата забава во договор со наставниците. Ноќевање.

**Втор ден**

-После појадокот се упатуваме кон Вевчани,посета на вевчанските извори и разгледување на селото, враќање во хотелот, ручек, по ручекот прошетка на шеталиштето,посета на Св.Софија, Плаошник и другите историски знаменитости. Враќање во хотелот и вечера. Ноќевање.

**Трет ден**

-Појадок. После појадокотпосета на комплексот Св.Наум Охридски,Наколно живеалиште ,,град на вода'', Антички Театар, Биљанини извори. Враќање во хотел. Ручек. По ручекот поаѓање за Скопје. Пристигнување во попладневните часови околу 18:00 часот.

**ОБЈЕКТ ЗА СМЕСТУВАЊЕ**

Хотелите се наоѓаат во градот . Објектите ги имаат сите потребни стандарди кои се неопходни во однос на намената на самиот објект. Хотелите располагаат со соодветен број на соби, двокреветни и трокреветни за да се сместат учениците. Овие хотели содржат добро организиран простор за одржување на лична хигиена како и најмалку една училница опремена според Нормативот за простор ,опрема и наставни средства за деветгодишно основно образование во Република Северна Македонија. Хигиената во објектите, кујните и другите простории се одржуваат на високо ниво, а убавите трпезарии и другите пропратни простории ќе придонесат за пријатен престој на учениците. Вечерниот културно забавен живот на учениците исто така ке се реализира во објектите кои нудат добри услови и простор за таа намена.

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА**

Согласно Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта донесен од МОН, ООУ „Којдан Чернодрински" Општина Карпош - Скопје ќе спроведе постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на тродневна екскурзија со објавување на јавен оглас во најмалку два весника. Постапката ќе ја спроведува Комисијата составена од пет члена и тоа три члена од редовите на членовите на Советот на родители и два члена од редот на наставниците. Екскурзија ќе ја реализира Туристичка Агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија и која ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми.

Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови за сместување; туристички водич, лекар.За безбедноста на учениците, покрај класните раководители на деветтите одделенија, ќе се грижи и вработен од агенцијата за обезбедување од нашето училиште. За учениците со посебни образовни потреби се организира со придружба ,во согласност со видот и степенот на попреченоста,при што придружник може да биде родител,старател,асистент,специјален едукатор и рехабилитатор.

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ**

Екскурзија ќе биде финансирана од страна на родителот – старателот, а за некои ученици коишто се материјално загрозени, за оние ученици кои од економски причини не можат да учествуваат на екскурзијата, директорот може да обезбеди нивно учество со користење на поволности кои ги нуди агенцијата која учествува во реализација на наведените активности од сопствени извори донации,спонзорства и други извори

**П Р О Г Р А М А за организирње и изведување на наставата во природаза учебната 2022/2023 годинаV одделение**

**Место на изведување: Охрид**

**Време за изведување: мај 2023год**

*Врз основа на член 42 став (2) од Законот за основното образование (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’бр.161/19 година) министерот за образование и наука донесе правилник за начинот на изведување на екскурзиите,излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта.Врз основа на годишната програма за работа ООУ “Којдан Чернодрински” училиштето за учебната 2022/2023год. и со одлука на училишниот одбор се изготви Програма за реализација на настава во природа со воспитно образовен-карактер за учениците од V одд. за учебната 2022/2023година*

Стручниот тим на наставата во природа за V одделение го сочинуваат:

1. Катерина Ташкова – директор

2. Христина Нанчовска – раководител на наставата во природа-одговорен наставник, одделенски наставник

3. Елена Смугревска– одделенски наставник

## ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА

### Воспитно – обазовни цели

Со реализација на оваа настава во природа, со општ образовно-воспитен карактер, целта е преку повеќедневен престој надвор од местото на живеење, низ едукација, другарување, рекреација, прошетки, забава и спортување, со примена и користење на современи педагошки форми и методи на работа, да се утврдат и прошират знаењата, како и да се стекнат нови знаења за нејзините богатства и убавини. Учениците да се запознаат со дел од својата татковина, со нејзиниот релјеф, со нејзините убавини и богатства, со животинскиот и растителниот свет во подрачјето каде што се изведува ваквиот вид настава во природа, да се запознаат со животот и работата на луѓето во планинските и низинските предели, со културно-историските споменици од подалечното и поблиското минато на нашиот народ, да се запознаат со напорите и настојувањата на луѓето за промена на природата и создавање на подобри услови за живот за својата и идните генерации, да се запознаат со ретките примероци од флората и фауната од тоа подрачје. За реализација на наставната цел, образовните и воспитните задачи ќе се ангажираат наставници од одделенската настава кои се наведени во горенаведениот текст.

## ЗАДАЧИ

### Образовни задачи

-Да се запознаат учениците со релјефот и карактеристиките на подрачјето каде што се изведува овој вид на настава во природа, а преку попатните набљудувања да се оспособуваат да го разликуваат релјефот на РСМ.

-да се запознаат со позначајни културно историски и стопански објекти во крајот

-изучување и истражување на објекти и појави во природата, како и односите во општествениот живот

-запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви

-да се запознаат учениците со животинскиот и растителниот свет во подрачјето каде се изведува оваа настава во природа, а со тоа и со животинскиот и растителниот свет во РСМ.

-Да се оспособат за организација и движење во природата

-Да се запознаат учениците со животот и работата на луѓето на село

-Да се запознаат со животот и работата на луѓето во работните организации кои ќе бидат посетени

**Воспитни задачи**

-Градење и чување на патриотизмот, толеранцијата и соживотот

-Развивање позитивни односи кон националните, културните и естетските вредности

-Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции

-Социјализација, колективна заштита и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе

-Да се равива кај учениците другарство и колективниот дух

-Да се развиваат кај учениците хигиенски и културни навики

-Да се негува и развива позитивен однос кон трудот и работата како и чувство за одговорност и дисциплина при извршување позитивни задачи

-Да се развива позитивен и правилен однос за зачувување на животната средина

-Да се развие кај учениците љубов и почит кон културно-историските споменици

- Да се развие љубов кон татковината

-Да се развие натпреварувачки дух

**Времетрање**

Наставата во природа за петто одделение ќе се реализира во време од 3 (три) дена.

**ЛОКАЦИЈА ЗА ПОСЕТУВАЊЕ И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ**

**Прв ден**

Поаѓање од училиште во 8 часот.

Скопје - Тетово- Шаренаџамија, изворнарекатаВардар - Вруток, ХЕЦШпиље, Маврово - КањонотнаРадика, манастиротСв. ЈованБигорски - КосовраскиБањи, Вевчани – Вевчанскиизвори.

Во попладневните часови, по сместувањето ќе се реализираат следните наставни активности:

Разговор за извршените набљудувања и впечатоци од набљудувањето – усно изразување.

**Втор ден**

Во утринските часови, пред планираните посети ќе се реализираат следните наставни активности:

Вежби за обликување на телото и пешачење во блиската околина,

Пишување краток извештај од извршените набљудувања и ликовни илустрации од најинтересни моменти,

Креативно творење, пишување стихотворба (петоред) инспирирани од Охрид и Охридското Езеро

Посета на:

МанастирСв. Наум Охридски, Античкитеатар, тврдинанаСамоилова тврдина, Плаошник, црккватаСв. ЈованБогослов -Канео и Црква Св.Софија.

**Трет ден**

Во утринските часови, пред планираните посети ќе се реализираат следните наставни активности:

Вежби за обликување на телото покрај езерската шир

Фотодокументација за претстојните денови – изработка на фото-албум

Посета на Природонаучен музеј во Струга, Спомен дом на ,,Браќа Миладиновци”, враќање назад, ручек и тргнување за Скопје во попладневните часови.

**ОБЈЕКТ ЗА СМЕСТУВАЊЕ**

Хотелите се наоѓаат во градот . Објектите ги имаат сите потребни стандарди кои се неопходни во однос на намената на самиот објект. Хотелите располагаат со соодветен број на соби, двокреветни и трокреветни за да се сместат учениците. Овие хотели содржат добро организиран простор за одржување на лична хигиена како и најмалку една училница опремена според Нормативот за простор ,опрема и наставни средства за деветгодишно основно образование во Република Северна Македонија. Хигиената во објектите, кујните и другите простории се одржуваат на високо ниво, а убавите трпезарии и другите пропратни простории ќе придонесат за пријатен престој на учениците. Вечерниот културно забавен живот на учениците исто така ке се реализира во објектите кои нудат добри услови и простор за таа намена.

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА**

Согласно Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училиштадонесен од МОН, ООУ „Војдан Чернодрински” Општина Карпош - Скопје ќе спроведе постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на настава во природа со објавување на јавен оглас во најмалку два весника. Постапката ќе ја спроведува Комисијата составена од пет члена и тоа три члена од редовите на членовите на Советот на родители и два члена од редот на наставниците. Наставата во природа ќе ја реализира Туристичка Агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија и која ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми:

Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови за сместување во објекти кои располагаат со простории кои може да се адаптираат за изведување настава, туристички водич, лекар. За безбедноста на учениците, покрај одделенските наставници на петтите одделенија, ќе се грижи и вработен од агенцијата за обезбедување од нашето училиште. За учениците со посебни образовни потреби се организира со

придружба ,во согласност со видот и степенот на попреченоста,при што придружник може да биде родител,старател,асистент,специјален едукатор и рехабилитатор.

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ**

Наставата во природа ќе биде финансирана од страна на родителот – старателот, а за некои ученици коишто се материјално загрозени, и оние ученици кои од економски причини не можат да учествуваат на настава во природа директорот може да обезбеди нивно учество со користење на поволности кои ги нуди агенцијата која учествува во реализација на наведените активности од сопствени извори донации,спонзорства и други извори.

**ПРОГРАМА за организирање и изведување на зимски кампови/школи за ученици од I-IX одделение**

**за учебната 2022/2023**

Место на изведување:**Мавровоили Крушево**

Време за изведување:**Јануари 2023**

*Врз основа на член 42 став (2) од Законот за основното образование (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’бр.161/19 година) министерот за образование и наука донесе правилник за начинот на изведување на екскурзиите,излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта.*

*Врз основа на годишната програма за работа ООУ “ Војдан Чернодрински” училиштето за учебната 2022/2023год. и со одлука на училишниот одбор се изготви Програма за реализација на зимски кампи/школа за учениците од I - IX одделение за зимскиот училишен распуст за учебната 2022/2023година*

**Стручниот тим за организирање и изведување на зимски камп/школа го сочинуваат:**

1. Катерина Ташкова – директор
2. Лазе Смилески – раководител на зимувањето-одговорен наставник и предметен наставник по техничко образование
3. Зоран Петровски – предметен наставник по физичко и здрски кПавствено образование
4. Љупка Миленковиќ - Живковиќ – предметен наставник по географија

5. Јадранка Симитковска – предметен наставник по македонски јазик
6. Јелена Зврцинова –предметен наставник по англиски јазик
7. Други

**ПОДАТОЦИ ЗА ЗИМСКИТЕ КАМПОВИ/ШКОЛИ**

**ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ**

Со реализација на зимскиот камп/школа, целта  е преку повеќедневен престој надвор од местото на живеење, низ едукација, другарување, рекреација, прошетки, забава и спортување, децата да се одморат, рекреираат, но и да се стекнат со нови знаења за техниките на зимските спортови.

**ЗАДАЧИ**

**Образовни задачи:**

- Учење и совладување на техниките на скијањето
- Совладување на техника на прилагодување на организмот на снег
- Правилна заштита на телото од студ
- Примена на вежби на снег ( трчање, санкање)
- Правилно користење на времето во зима
- Правилна заштита на телото од повреди на снег
- Потреба за одмор и рекреација на чист воздух
- Ориентација и движење во природата
- Изучување и истражување на објекти и појави во природата
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви
- Запознавање на учениците со животинскиот и растителниот свет во подрачјето каде се изведува зимскиот камп/школа
- Запознавање на учениците со убавините и богатствата на овој крај

**Воспитни задачи:**

- Грижа за сопственото здравје
- Подобрување на психофизичката состојба на учениците
- Развивање на еколошката свест кај учениците
- Развивање на позитивен однос кон: националните,културнитеи естетските вредности
- Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции
- Социјализација,колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење
- Да се развива кај учениците другарството и колективниот дух
- Да се развива натпреварувачкиот дух
- Да се развиваат кај учениците хигиенски и културни навики
- Да се развиваат кај учениците љубов кон природата и природните убавини
- Чувство за одговорност и дисциплина при извршувањето на поставените задачи
- Да се развива позитивен и правилен однос за зачувување на животната средина

  За целокупната организација на зимскиот камп/школа, поставената цел, остварувањето на поставените задачи, како и за реализација на сите предвидени активности со оваа програма, ќе се грижи стручниот тим за зимски камп/школа.

**О Б Ј Е К Т З А С М Е С Т У В А Њ Е:**Учениците ќе бидат сместени во хотелите во Маврово. Објектите ги имаат сите потребни стандарди кои се неопходни во однос на намената. Хотелите располагаат со доволен број на соби, двокреветни и трокреветни за да би можеле да се сместат ученици од различна возраст, содржат добро организиран простор за одржување на личната хигиена како и најмалку една училница опремена според Нормативот за простор ,опрема и наставни средства за деветгодишно основно образование во Република Северна Македонија. Хигиената во објектите и другите простории се одржува на високо ниво, а убавата трпезарија и другите пропратни простории ќе придонесат за пријатен престој на учениците во кои престојуваат. Спортските објекти и терени се наоѓаат во непосредна околина до самите објекти кои ќе придонесат за непречено реализирање на спортско-рекреативните активности. Во вечерните часови на учениците ќе им биде овозможен забавен живот.

**ПОДГОТОВКИ**

- Формирање група на ученици кои сакаат да одат на зимски камп/школа
- Одржување на родителска средба
- Согледување на здравствената состојба на учениците
